47186

19136,



*ИЗЛОЖБИ*

# Гротескна сатира на општеството

**• Кон изложбата на Хана Хех во Музејот на современа уметност**

Нада ПЕШЕВА

Ханах Хех (1889-1978) е сликар, член на Берлинската Дада. Истовремено претставува единствена жена Дадаистка, како и една од првите уметници кои ја изумуваат фотомонтажата и ја воведуваат како нов уметнички медиум. Таа и Раул Хаусман го формирале крилото на Берлинската дадаистичка група кое во себе внесува повеќе естетика, различно од поисполитизираното крило застапено преку Џорџ Грос и Џон Хартфилд. Сите тие почнале да прават монтажи од 1918 година па натаму, сакајки да ги променат и уништат некои од сегментите во државата како на пример банките, индустријата и политиката во државата. Немоќни тие се нафрлиле врз фотографиите и материјалите кои ги наоѓаат во медиумите искажувајќи го преку нив својот бес и лутина.

Дадаизмот своевремено се појавил како бунт против политичките, социјалните и естетски норми. Тој извршил големо влијание врз текот на целокупната светска модерна: надреализмот, концептуализмот, Флуксус движењето, а принципите на постмодерната имаат зачетоци во Писоарот на Марсел Дишан. За поголемиот дел од неговите припадници Дадата била еден творечки момент кој се заокружува со згаснувањето на групата. Хана Хех од самите почетоци па до крајот на нејзиниот живот останува верна на фотомонтажата. Самата техника се засновува на колажот, медиум кој го воведуваат Пикасо и Брак, а го усовршуваат и усложнуваат нејзини истомисленици.

При изработката на делата Хех употребувала разни исечоци од весници, поточно од илустрациите и фотографиите кои ги забележувала во нив. Таа се обидела да даде слика на Берлин од почетокот на 20- тите години до деновите после втората светска војна. Нејзините фотомонтажи содржат сатира и пародија на сите сегменти од животот и општеството во кое се наоѓала. Таа успеала, и покрај бесот и бунтот што го чувствувала да ги искарикира и да ги направи гротескни дури и оние колажи кои се однесувале на политичките лидери од времето- нацистите. Сите тие содржат доза на хумор која привидно ја ублажува нејзината бунтовност..

Најголем дел од колажите ја содржат фигурата која ја составувала од различни лица и делови од тела, но соединети успешно по боја, стил и големина. Нејзините креации честопати делуваат како Д- р.Франкештајн исмевајќи и потенцирајќи ги притоа сите хирови и моди на општеството и социјализирањето. Со самото тоа се појавува и надвиснува надреалистичкиот момент. Почнувајќи од вечниот мачоизам, до трендот на ослободување на жената т.е феминизмот. Во текот на 40- тите таа претставува посебна верзија за надреализмот, која ја надградува со достигнувањата на апстрактниот експресионизам. Тогаш таа се свртува кон апстракцијата, за на крај повторно да и се врати на фигурацијата, овојпат инспирирана од феминизмот кој во 60- тите зеде замав. Сцените ги гради како да се поставени на сцена, водејќи истовремено грижа и за позадината и за главното дејствие. За разлика од останатите уметници кои дадаизмот го прифатиле како естетска форма на создавање заради создавање, Хана Хех дадаистичката естетика ја применува до крајот на животот. Таа останува доследна на принципите на дадаизмот, дури и кога се врти кон апстракцијата. Нејзините дела од почетокот ја вткајуваат во себе женската суптилност дури и кога нејзината бунтовна природа создава гротесктни чудовишта.